# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**24 Февруари 2016**
**Скопје**
**Број 2, година XII**
**contact@kiselavoda.gov.mk**

**Скопје, Февруари, 2017 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1,К2 и К3 за четвриот квартал од 2016 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2016 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година; - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, усвоени на седницата на Советот, одржана на 20 февруари 2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-1744/1<br>
24.02.2017 година<br>
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општина Кисела Вода<br>
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,,бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.61/04, 96/04 и 67/07) расправајќи по Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за првиот квартал од 2016 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2016 година до 31.03.2016 година; К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и деветтата пленарна седница одржана на 20 февруари 2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2016 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се усвојуваат Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2016 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски работи.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1394/3
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување Извештај
за извршениот попис на средствата и нивните извори
со состојба на ден 31.12.2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на ден 31.12.2016 година, усвоен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 февруари 2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-1744/2
24.02.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 104 став 3 Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), расправајќи по Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на ден 31.12.2016 година, Советот на Општина Кисела вода на Четириесет и деветтата пленарна седница, одржана на 20 февруари 2017 донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на ден 31.12.2016 година.

2. Овој Заклучокот да се достави до Градоначалникот и до Секторот за финансии.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1394/4
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за задолжување на средства
добиени од Меѓународна банка за обнова и развој (Светска Банка)
преку проектот за подобрување на општинските услуги

1.Се објавува Одлуката за задолжување на средства добиени од Меѓународна банка за обнова и развој (Светска Банка) преку проектот за подобрување на општинските услуги, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 февруари 2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-1744/3
24.02.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа од член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/03, 76/07 и 156/09), Законот за територијална организација на единиците за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.55/04) и член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05 и 88/08), Советот на општина Кисела Вода на Четириесет и деветтата пленарна седница одржана на 20 февруари 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ДОБИЕНИ ОД МЕЃУНАРОДНА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ (СВЕТСКА БАНКА) ПРЕКУ ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за задолжување на Општина Кисела Вода кај Меѓународната Банка за Обнова и Развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Член 2**

Се одобрува долгорочно задолжување на Општина Кисела Вода за реализација на Проектот за подобрување на општинските услуги, - Потпроект за Изградба на атмосферска канализација по улиците во нас.Пржино во вкупен износ од 110.000.000,00 (со букви: стоидесетмилиони) денари под следните услови:

- Каматна стапка која е еднаква на каматната стапка што ја плаќа Република Македонија кон Светска банка.
- Рок на отплата 13 години со вклучен грејс период од 3 години.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-1394/5
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за воспоставување на меѓуопштинска
соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје
за санација на ударни дупки

1.Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје за санација на ударни дупки, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 февруари 2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-1744/4
24.02.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36, став 1 а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка("Службен весник на Република Македонија" број 79/09), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и деветтата пленарна седница одржана 20 февруари 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и град Скопје за санација на ударни дупки**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кисела Вода го прифаќа предлогот за воспоставување на соработка со град Скопје, и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на зедничка цел и интерес за санација на ударни дупки во надлежност на оптштинита во градот Скопје.

**Член 2**

Градот Скопје за остварување на соработката ќе учествува со финансиски средства од Буџет на Град Скопје во период од 2017-2019 година во износ по 9.000.000,00 денари за секоја од општините од градот Скопје.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе склучи договор со Градоначлникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-1394/6
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот
за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност
во Општина Кисела Вода во 2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2016 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 февруари 2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1744/5
24.02.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода во 2016 година, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и деветтата пленарна седница, одржана на 20 февруари 2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода во 2016 година.

2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1394/7
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување Програма за Енергетска Ефиканост
за Општина Кисела Вода 2015-2017
– Акционен план за 2017 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програма за Енергетска Ефиканост за Општина Кисела Вода 2015-2017 – Акционен план за 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 февруари 2017 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1744/6
24.02.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) расправајќи по Програмата за Енергетска Ефикасност за Општина Кисела Вода 2015-2017– Акционен план за 2017 година, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и деветтата пленарна седница, одржана на 20 февруари 2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Програмата за Енергетска Ефиканост за Општина Кисела Вода 2015-2017 – Акционен план за 2017 година.

2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1394/8
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за одобрување средства,
како еднократна парична помош на Ѓорѓија Илиески

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства, како еднократна парична помош на Ѓорѓија Илиески, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 февруари 2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1744/7
24.02.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.10/09), расправајќи по Барањето на Ѓорѓија Илиески бр.08-820/1 од 31.01.2017 година, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и деветата пленарна седница одржана на 20 февруари 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување средства, како еднократна парична помош
на Ѓорѓија Илиески

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.08-820/1 од 31.01.2017 година на Ѓорѓија Илиески му се одобруваат парични средства во износ од 60.000,00 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за санирање на последиците од опожарената семејна куќа на ул.,,Саса - 12,, бр.12.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода “.

Број 09-1394/9
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката
за воспоставување соработка помеѓу Општина Кисела Вода
и Град Скопје, за финансиско учество во постапка за
експропријација на недвижен имот на новопроектирана улица Иван Козаров

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје, за финансиско учество во постапка за експропријација на недвижен имот на новопроектирана улица Иван Козаров, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 20 февруари 2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1744/8<br>24.02.2017 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода

Врз основа на член 36, став 1 а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02)и член 30, став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија број 79/09, Советот на Општина Кисела Вода, на Четириесет и деветтата пленарна седница одржана на 20 Февруари 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје, за финансиско учество во постапка за експропријација на недвижен имот на новопроектирана улица Иван Козаров

**Член 1**

Во Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Кисела Водаи Град Скопје, за финансиско учество во постапка за експропријација на недвижен имот на новопроектирана улица Иван Козаров („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ број 1 /2017), во членот 1, сврзникот „ и “ после зборот „ број 11“ се заменува со запирка, а после зборот „ број 2“, се додаваат зборовите „и број 6“. Во истиот член зборот „ број 15, се заменува со зборот „ број 1“.

Во членот 2, после бројот „2017“, се додаваат зборовите „година, ребаланс на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2017 година и Буџетот на Општина Кисела Вода за 2018 година во износ до 10.000,000,оо денари.“, а зборовите „Вкупниот износ на финансиски средства за реализација на постапката за експропријација ќе се утврди согласно позитивната законска регулатива (Закон за катастар, Закон за експропријација и Закон за проценка на недвижен имот)“, се бришат.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кисела Вода “.

Број 09-1394/10
20 февруари 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

**С О Д Р Ж И Н А:**

1.Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2016 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година; - К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;

2.Заклучок за усвојување Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на ден 31.12.2016 година;

3.Одлука за задолжување на средства добиени од Меѓународна банка за обнова и развој (Светска Банка) преку проектот за подобрување на општинските услуги;

4.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје за санација на ударни дупки;

5.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2016 година;

6.Заклучок за усвојување на Програма за Енергетска Ефиканост за Општина Кисела Вода 2015-2017 – Акционен план за 2017 година;

7.Одлука за одобрување средства, како еднократна парична помош на Ѓорѓија Илиески;

8.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје, за финансиско учество во постапка за експропријација на недвижен имот на новопроектирана улица Иван Козаров;